ВАЈАРСКА РАБОТИЛНИЦА (работен лист 02)

Ставете се во улога на античките вајари и моделирајте фигури и предмети поврзани со симболите, предметите и ликовите од античкиот хеленски и римски свет. Изберете некоја слика од долунаведените и обликувајте ја со глинамол или со пластелин. Работата можете да ја споделите со некој ваш соученик од одделението работејќи во парови или во групи од повеќе ученици. Доколку работите со глинамол, моделираната фигура, предмет или симбол зачувајте ја во кутија за да ја заштитите од оштетување.

Во домашни услови откако ќе се исуши, со темперни бои или со фломастери по ваш избор обојте го моделот целосно. Следниот час донесете го на училиште за презентација и за вреднување на вашиот труд.



Јонски столб

Дорски столб

Коринтски столб

Хеленски стол

Крилест коњ Пегас

Талија (муза на комедијата) и
Мелпомена (муза на трагедијата)



Спартански шлем



Римски бодеж „гладиус“

Римски легионерски штит

Олимписки факел

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски